**Барање**:

- Имиња и презимиња, како и биографиии на шефот на кабинет, посебните советници во кабинет на министер, кабинетските службеници, раководителите на сектори и помошници раководители на сектори и датумите на нивното назначување/стапување на функција, односно на нивното вработување

Одговор:

Прилог 1: Имиња и презимиња на шефот на кабинет, посебните советници во кабинет на министер, кабинетските службеници, раководителите на сектори и помошници раководители на сектори и датумите на нивното назначување/стапување на функција, односно на нивното вработување.

Табела 1. Кабинетски службеници во кабинет на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство

| Име и презиме | Датум на назначување |
|---|---|
| Виолета Михајловска – шеф на кабинет | 10.07.2024 година |
| Игор Миќев | 10.07.2024 година |
| Перо Николов | 20.12.2024 година |

Табела 2. Посебни советници во кабинет на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство

| Име и презиме | Датум на вработување |
|---|---|
| Ѓорѓи Стојковски | 18.07.2024 година |
| Ефтим Орцев | 03.07.2024 година |
| Анита Павловска | 02.10.2024 година |

Табела 3. Државни советници во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

| Име и презиме | Датум на вработување на работното место |
|---|---|
| Жарко Ераковиќ | 17.11.2009 година |
| Перица Ивоноски | 10.04.2008 година |
| Драганчо Стојчев | 10.04.2008 година |
| Бобан Нофитоски | 01.08.2007 година |
| Трајан Димковски | 23.02.2022 година |
| Исмет Лимани | 08.02.2019 година |
| Нефрус Челику | 01.07.2019 година |
| Бесир Јашари | 14.06.2017 година |
| Саша Јовановиќ | 07.02.2024 година |
| Даниела Иротова Лазарева | 17.08.2012 година |

Табела 4. Раководители на сектори во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

| Име и презиме | Датум на вработување на работното место |
|---|---|
| Абдилгафар Синани | 03.09.2002 година |
| Маја Лазареска Јовеска | 01.06.2013 година |
| Лидија Попандонова | 05.08.2016 година |
| Живко Брајковски | 26.03.2018 година |
| Феми Исен | 17.07.2021 година |


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на
Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

| | |
|---|---|
| Александар Мусалевски | 31.12.2020 година |
| Васе Симоска Бошкова | 31.12.2018 година |
| Митко Басов | 14.01.2010 година |
| Жанета Ѓорѓиевска | 31.12.2020 година |
| Јордан Здравковски | 01.07.2007 година |
| Бојан Дурнев | 13.09.2002 година |
| Надица Црковска | 09.08.2018 година |
| Билјана Костовска | 04.03.2014 година |
| Александар Диље | 16.01.2021 година |
| Борче Јоновски | 31.12.2020 година |
| Зоран Николовски | 06.02.2008 година |
| Реџаиљ Исмаили | 28.05.2024 година |
| Аница Симонова | 15.11.2018 година |
| Државен инспекторат за земјоделство | |
| Јован Карчовски | 01.01.2025 година |
| Љупчо Трошански | 01.01.2025 година |
| Силвана Трбогазова | 01.01.2025 година |
| Ненад Бошев | 01.01.2025 година |
| Мевлудин Мустафи | 01.01.2025 година |
| Државен инспекторат за шумарство и ловство | |
| Зоран Вуиќ | 01.01.2025 година |
| Марјан Мицев | 01.01.2025 година |

Табела 5. Помошници раководители на сектори во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

| Име и презиме | Датум на вработување на работното место |
|---|---|
| Трајче Ангеловски | 26.10.2023 година |
| Жаклина Недељковиќ | 04.10.2014 година |
| Игор Трошански | 09.02.2019 година |
| Јане Новачков | 09.02.2009 година |
| Аднан Алии | 01.03.2016 година |
| Митко Николов | 14.11.2006 година |
| Неда Груевска | 31.12.2019 година |
| Соња Апостоловска | 10.02.2009 година |

Во однос на делот од Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, каде барате биографии на шефот на кабинет, посебните советници во кабинет на министер, кабинетските службеници, раководителите на сектори и помошници раководители на сектори, Ве известуваме дека согласно член 3, став 1, алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/19) "информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности. " Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не располага со бараната информација, односно со биографиите на вработените. Исто така, согласно член 36 од Закон за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24) со Пријавата за вработување на административните службеници, кандидатите не се должни да доставаат кратка биографија, така што


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Секторот за човечки ресурси во персоналните досиеја на вработените нема биографии и поради тоа не може позитивно да одговори на овој дел од Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер.

**Барање**:
- Процент и број на вработени во институцијата поделен по етничка припадност;
- Органограм со раководни позиции на институцијата и имињата кои ги водат истите;
- Извештај од последниот конкурс за вработување и последниот извештај за унапредување

Одговор:
Согласно евиденцијата на Секторот за човечки ресурси, во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, заклучно со 30.04.2025 година има вработено вкупно 1069 вработени, од кои 787 македонци (73,6%), 198 албанци (18,5%), 27 турци (2,5%), 18 срби (1,7%), 9 бошњаци (0,8%), 18 роми (1,7%), 6 власи (1,6%) и 6 вработени (0,6%) од останати националности.

Органограмот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство моментално е во изработка поради промена во Правилникот за систематизација на работните места, односно поради влегување на Државниот инспекторат за земјоделство и Државниот инспекторат за шумарство и ловство како нови органи во состав на Министерството.

Огласите за унапредување заедно со одлуките за избор се јавно објавени на интернет страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во делот на ЈАВНИ ОГЛАСИ И ПОВИЦИ.

**Барање**:
- последните јавни огласи за вработување на лица согласно Законот за вработени во јавен сектор;
- последните јавни огласи за вработување на лица преку Агенција за времени вработувања;
- дали во последните 2 години има вработено лица на определено работно време согласно Законот за вработени во јавен сектор и преку Агенции за времени вработувања;
- дали лицата кои се вработуваат/ангажираат на определено време се вработуваат/ангажираат преку јавен оглас;
- моментален број на вработени административни службеници и вработени согласно Законот за вработени во јавен сектор;
- број на лица ангажирани преку Агенции за времени вработувања;
- пет последни завршени јавни огласи за вработување на административни службеници;
- дали јавните огласи се објавуваат на социјални мрежи;
- дали јавните огласи се објавуваат на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- дали јавните огласи се објавени во дневниот печат или на некој друг веб сајт, огласна табла и слично;
- дали јавните огласи се објавени покрај во текстуална форма и во некаква друга форма;
- дали одлуката за избор е јавно достапна, заедно со поените кои ги освоил секој од кандидатите;
- доколку јавниот оглас е поништен, дали одлуките за поништување се објавуваат и каде? Ве молиме доставете ни пример за одлука за поништување јавен оглас и линк каде истата е објавена;
- последен јавен оглас за избор на државен секретар, односно постапката за назначување/именување на државен секретар (од јавен оглас доколку таков постои до одлуката за избор/селекција на кандидатот за државен секретар); бројот на кандидати кои ги исполнувале условите, од кои бил избран токму тој државен секретар;
- број на актуелни вршители на должност државен секретар во министерството;
- актуелни вршители на должност државен секретар во министерството кои се од редот на административните службеници во моментот на нивно назначување за вршители на должност;

- вкупен број на назначени државни секретари во последните 12 месеци;
- вкупен број на назначени државни секретари/директори без постоење на посебни услови односно јавен/интерен оглас врз основа на потребни компетенции во последните 12 месеци.

Одговор:

- Јавен оглас бр. 03/2025 за вработување на определено време до 31.12.2025 година, достапен на следниот линк https://www.mzsv.gov.mk/Events.aspx?IdRoot=1&IdLanguage=1&News=3974
- Вработените преку Агенција за привремени вработувања не се вршат преку јавен оглас.
- Во последните две години, во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се вработени лица преку јавни огласи за вработување на определено време и отстапени работници преку Приватна агенција за вработување Џоб 2011 Скопје.

- Лицата кои се вработуваат на определено време се вработуваат преку јавен оглас.
- Моментален број на вработени административни службеници е 771, а вработени согласно Законот за вработени во јавен сектор се 305.
- Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, моментално се ангажирани вкупно 40 лица преку Агенција за привремени вработувања.
- Во прилог Ви доставуваме последни три јавни огласи, поради тоа што согласно Планот на архивски знаци, Листа на архивски и Листа на документарен материјал во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, останатите огласи се веќе архивирани.
- Јавните огласи не се објавуваат на социјални мрежи.
- Јавните огласи за вработување на неопределено време се објавуваат само на веб страната на Агенција за администрација и во најмалку три дневни весници.
- Огласите за вработување на определено време и интерните огласи за унапредување се објавени на веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во делот на јавни огласи и повици.

https://www.mzsv.gov.mk/ListEvents.aspx?IdLanguage=1&p=1&News=3&IdRoot=1

- Јавните огласи за вработување на неопределено време се објавуваат само во печатени дневни весници.
- Огласите не се објавуваат во друга форма.
- Одлуката за избор/неизбор на кандидати се објавува на веб страната на Агенција за администрација за огласите за вработување на неопределено време. Одлуките за избор/неизбор за огласите на определено време се обравуваат на веб страната на Министерството за земјоделство, шумасртво и водостопанство во делот на јавни огласи и повици.
- Во прилог Ви доставуваме скенирано Решение за запирање на постапката за селекција на кандидати за вработување на административни службеници.
- Државен секретар се назначува од редот на административни службеници во Министерството, со назначување од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и не се спроведува јавен оглас.
- Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има 1 (еден) Државен секретар – Борче Серафимовски.
- Државниот секретар Борче Серафимовски е од редот на административните службеници.
- Во последните 12 месеци се назначени вкупно 2 (два) државни секретари.
- Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се назначени вкупно 2 (два) државни секретари од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и 4 (четири) директори кои се назначени од Влада на Република Северна Македонија.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**Барање**:

- План за вработување за 2025 година и
- Последната измена на систематизација 04-66_0/6 од 12.08.2024 година.

Одговор:

Предметните документи ги доставуваме како скенирани документи во прилог на ова решение и тоа План за вработување за 2025 година заведен под наш број: 04-8846/4 од 30.08.2024 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со број 04-6660/6 од 12.08.2024 година.

**Барање**:

- Колку дозволи за риболов се издадени во период од 5 години, поточно од 2019 година, заклучно со 2024 година за риболовно подрачје Пчиња – Кумановска?

Одговор:

Од податоците со кои располага Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во периодот 2018 - 2024 година на риболовниот ревир Пчиња 1 – Кумановски концесионерот на рекреативните риболовци продале 2.771 годишни дозволи и 84 дневни дозволи.

Во вкупниот број на издадени дозволи за овој период не е содржан податок за број на дозволи продадени во 2020 година од страна на концесионерот, со кој Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не раполага од технички причини.

На риболовниот ревир Пчиња 2 Скопски, од страна на концесионоеро се продадени 4.682 годишни дозволи и 1.905 дневни дозволи.

Во вкупниот број на издадени дозволи од страна на концесионерот за овој период, исто така од технички причини не е содржан податок за број на дозволи продадени во 2020 година.

**Барање**:

- Регистрирани винарски визби во Република Северна Македонија во 2023 година
- Регистрирани органски лозови насади во 2023 година и
- Просечна цена на органско винско грозје (Вранец и Каберне Совињон) за 2022 и 2023 година.

**Одговор**:

Вкупниот број на регистрирани производители на вино (правни и физички лица) во 2023 година изнесува 98.

Органското производство на лозови култури во 2023 година изнесува 241,94 хектари, од кои во преод се 191,67 хектари и органски 50,27 хектари.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Во тек е изработката на регистарот на органски производители (оператори) на органско земјоделско производство за 2023 година кој јавно како и досега ќе се објави на веб страната на МЗШВ: www.mzsv.gov.mk, во делот: „Документи и информации од јавен карактер" – „Јавно достапни информации" – „Производители (оператори) на органско земјоделско производство".

Во Министерството не се водат просечни цени за органско винско грозје.

**Барања:**

- Договор за закуп на земјоделско земјиште бр.39-11060/1 од 09.11.2022 година и
- Записник за воведување во владение на договорот за закуп бр.82-48/2 од 14.02.2023 година.
- Анекс договор бр.39-3098/1 од 10.03.2021 година и
- Записник за допрецизирање на владение на договор за закуп бр.39-244/1 од 14.03.2019 година.
- Извештај за користење на земјоделското земјиште по Договор за закуп бр.39-8835/1 од 02.09.2022 година и Договор за закуп бр.39-9012/1 од 05.09.2022 година и
- Доказ за платена закупнина по Договор за закуп бр.39-8835/1 од 02.09.2022 година
- копија од докуметација и тоа за земјоделско земјиште запишано во Имотен лист бр.380 во КО Локвица, место викано Садоина, КП бр.2149 и КП бр.2147/1, општина Македонски Брод.
- Извештај за начинот на користење на земјоделското земјиште и исполнување на обврските на договорот за период 2013-2023 година, Извештај за реализација на бизнис планот односно програмата за користење на земјоделакото земјиште за одреден закупец.
- целокупната документација за склучен Договор за закуп на земјоделско земјиште.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изготви решенија во чиј прилог, поединечно ги достави копиите од бараната документација.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015